РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 15. 01. 2026

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 4 | | |

До: Општина Битола

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации поврзани со доделувањето на социјална парична помош од страна на Општина Битола во 2024 и 2025 година:**

**1.Информација за критериумите и условите согласно кои се врши доделување на социјалната парична помош;**

**2.Информација за видовите на социјална помош;**

**3.Информација за сите корисници по пол, возраст, место на живеење (урбано/рурално), семеен статус (самохрани родители, вдовици/вдовци, лице со попреченост, работен статус...) ;**

**4. Информација за вкупниот годишен износ на доделена социјална помош, како и информација за најнискиот и највисокиот износ којшто е доделен во 2024 и 2025 година;**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слоб[redacted]стап до информација од јавен карактер.

**Битола, 13.01.2026 година** [redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финансиски прашања

Бр.11-4/2
15.01.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-4/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

15.01.2025г.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни работи

Бр.11-4/3
15.01.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-4/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примено:
15.01.2026

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 15. 01. 2026
Орг.Един: 11 4/4

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
15.01.2026 год.
Битола

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Марија Атанасовска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-4/3 од 15.01.2026 година**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање, Бр.11-4/3 а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-4/1 од 15.01.2026год., од Мл[redacted]а добивање информации поврзани со доделувањето на социјална парична помош од страна на Општина Битола за 2024 и 2025 година, Ве известуваме дека согласно барањето од Младински културен центар Битола, под **точка 1 – Информција за кристериумите и условите согласно кои се врши доделување на социајлната парична помош,** Во прилог Ви ги доставуваме хронолошки:

- Одлука за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола, Бр.07-2978/5 од 10.10.2008год.
- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола, Бр.07-2043/25 од 14.07.2009год.
- Програма за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Битола за одредени категории на физички лица, Бр.07-01/6 од 30.01.2014год.
- Програма за доделување на финансиска помош и определување на правила и критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетоот на Општина Битола, Бр.09-140/7 од 15.08.2022год.

Во врска со барањето под **точка 2 – Информација за видовите на социјална помош**, Во прилог Ви ги доставуваме следните барања по категории и тоа:

1. КАТЕГОРИЈА I - физички лица со ризици по здравјето со социјален статус.
2. КАТЕГОРИЈА II – физички лица со социајлен ризик

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

3. КАТЕГОРИЈА III – физички лица кај кои се јавува потреба од средства заради итност и сериозност

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.10.2008 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат критериуми врз основа на кои може да се додели финансиска помош на баратели на помош од Буџетот на Општината Битола.

### Член 2

Право на доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола имаат:

- Здруженија на граѓани и институции врз основа на поднесени проекти што се во интерес на Општината, а кои се однесуваат на Локалниот, економскиот развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата и другите области;
- Поединци-физички лица, жители на Општина Битола кои постигнале врвни резултати во сите области на живеењето;
- Физички лица за претрпени штети од елементарни непогоди;
- Физички лица од категоријата на висок степен на социјална и здравствена неповолна состојба.

### Член 3

Финансиската поддршка на погоре наведеното во член 2 е можна по доставено барање од барателите до Општината Битола, доколку истите се регистрирани во надлежен орган со седиште во Општината Битола, додека за физичките лица по доставени потребни документи за нивниот статус од надлежните служби.

### Член 4

Висината на финансиската помош ја утврдува Градоначалникот до висина која му е определена со закон. За висината на финансиската помош над определената со закон, одлука донесува Советот или од него формирана соодветна комисија. Средствата се користат само еднаш во календарската година, додека во исклучителни случаеви одлучува Советот или комисија формирана од него.

### Член 5

Финансирањето од Буџетот на Општината Битола на физички лица се состои во еднократна парична помош за покривање на направени трошоци на лица жители на Општината Битола, согласно правата од член 2 на оваа Одлука.

Средствата за оваа намена треба да се движат до максимален износ од 20.000 денари. Барателите се должни да достават соодветен акт или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

Член 6

Еднократна парична помош ќе се доделува и на семејства настрадани од елементарни непогоди.

Помошта би се движела во зависност од причинетата штета и би се сведувала на две категории:

- Прва категорија - 20.000 ден.;
- Втора категорија - 10.000 ден.

Составен дел на барањето би бил записникот од извршениот увид и проценетата штета на соодветна овластена институција.

Член 7

Средствата предвидени во Буџетот ги доделува Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општината Битола и Градоначалникот на Општината Битола најдоцна до 31 март со тоа што 60% од средствата се доделуваат на поднесени барања по огласот, а останатите 40% од средствата се распределуваат во текот на годината.

Член 8

Заинтересирани поединци, здруженија на граѓани, организации од невладининиот сектор и други асоцијации од Општината Битола, можат да ги доставуваат барањата и да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработката на проекти.

Член 9

За реализација на средствата за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани, културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица, Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општина Битола објвува повик (јавен оглас) за оние субјекти кои конкурираат со проекти во месец март во тековната година.

Член 10

Културните, спортските, еколошките и други манифестации кои се од значење за Општината ќе бидат финансирани и без да поднесат барање во рокот на објавениот оглас.

Член 11

Доделените средства се пренесуваат на сметка на корисникот во согласност со финансиската можност на Општината Битола за таа година.

Корисниците на средствата се обврзни да поднесат Извештај за начинот на реализацијата на добиените средства.

Член 12

Доколку брањата на подносителите не се поткрепени со потребната документација (програми и проекти и сл.) Комисијата нема да ги разгледува.

Член 13

При распределбата на средствата за оваа намена од предвидените ставки на Буџетот на Општинта Битола да се користи мислењето од соодветните комисии на Советот на Општината Битола.

Член 14

Советот на Општината Битола писмено да се известува за начинот на користење на доделените средства од страна на субјектите кои што ги добиле во календарската година.

Член 15

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 07-2978/5
10.10.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.07.2009 година, донесе

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за определување на критериуми за одредување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/08) и тоа: - Во членот 5 став 2 износот од 20.000 денари, се заменува со 50.000 денари.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр. 07-2043/25
14.07.2009 год.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

мум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр. 05/2002), член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) и член 7а од Законот платен промет („Службен весник на РМ“ бр. 32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за определување на висината на благајничкиот максимум

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари .

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

– 3.000 евра од програма АО
– 3.000 евра од програма ЕО
– 3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица

1. Ја објавувам Програмата за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на чл.36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.05/02) и чл.70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината

Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица

**Член 1**

Со оваа Програма се определуваат критериумите врз основа на кои може да се додели финансиска помош на одредени категории на физички лица.

**Член 2**

Право на добивање на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола имат лица од ранлива категорија, социјален ризик и физички лица, за кои Градоначалникот или Комисијата за финансии и буџет ќе одлучат дека има потреба согласно приложената документација.

**Член 3**

Добивање на финансиската помош на погореспоменатите категории на лица, е можна по доставено барање (име, презиме, адреса, матичен број и трансакциона сметка) до Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општината Битола или до Градоначалникот на Општина Битола, со приложени извештаи од специјалисти и друга документација – не постара од 6 месеци.

Барањата ќе се разгледуваат лично од Градоначалникот или на седница на Комисијата за финансии и буџет.

**Член 4**

Финансиската помош од Буџетот на Општината Битола на физички лица се состои во еднократна парична помош.

**Член 5**

Минималниот износ изнесува 3000 денари, а максимален износ кој можат да ги добијат барателите може да биде до 50.000 денари – врз основа на приложената документација.

Советот на Општината Битола одлучува за исплата на финансиска помош над 50.000 денари согласно законот.

**Член 6**

Општинската администрација, барателот писмено го известува за прифаќање или одбивање на барањето. Известувањето е конечно.

Комисијата му предлага на Градоначалникот да ги реализира средствата за финансиска помош на физичките лица.

**Член 7**

Доделените средства се пренесуваат на сметка на барателот.

**Член 8**

Ист барател може да достави само едно барање во текот на календарската година.

**Член 9**

Комисијата има право да го одбие доставеното барање доколку тоа не е поткрепено со соодветна документација или не е доставена дополнителна документацијата која била побарана од барателот.

**Член 10**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањто во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/6
30.01.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

– деловни простории на правни лица од комуналните дејности 3.000 ден.

– деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено 3.000 ден.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-140/6 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 15.08.2022 г. | на Советот на Општината |
| Б и т о л а | Габриела Илиевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за доделување на финансиска помош и определување на правила и критериуми за доделување на финансиска помош од буџетот на Општина Битола

1. Ја објавувам Програмата за доделување на финансиска помош и определување на правила и критериуми за доделување на финансиска помош од буџетот на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 15.08.2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-900/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 18.08.2022 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Тони Коњановски |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа( „службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола, „службен гласник на Општината Битола“ бр10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.08.2022 година , донесе:

## П Р О Г Р А М А
## за доделување на финансиска помош и определување направила и критериуми за доделување на финансиска помош од буџетот на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделувањето на финансиски средства од буџетот на Општина Битола за лицата од ранлива категорија и социјален ризик.

Права на добивање на финансиска помош ќе имаат лицата од следниве групи:

I **Лица со ризици по здравјето со социјален статус**

II **Лица од социјален ризик и**

III **Физички лица кај кои се јавува потреба од средства заради итност и сериозност**

**Член 2**

Финансиската поддршка можат да добиваат само оние лица кои ќе доставаат комплетна документација до Општина Битола.

**Член 3**

Градоначалникот доделува средства во текот на целата година во зависност од планираните средства во програмата ДО – Градоначалник.

**Член 4**

Доделувањето на еднократната парична помош ќе биде врз основа на предлог на Комисијата за финансирање и буџет од советот на општината до Градоначалникот .

**Член 5**

Комисијата за финансирање и буџет од Советот на Општина Битола предлага до Градоначалникот доделување на финансиски средства на ранливите категории врз основа на планираните средства во буџетот на Општина Битола во програмата АО – Совет на Општина Битола , и тоа 60% во првите 6 месеци и 40 % во наредните 6 месеци.

**Член 6**

Финансирањето од буџетот на Општина Битола се состои од еднократна парична

помош односно финансиските средства кои можат да ги добијат барателите, се сведуваат во 5 категории и тоа:

**1 категорија - до 5.000 ден.**
**2 категорија - од 5.000 ден. до 10.000 ден.**
**3 категорија - од 10.000 ден. до 15.000 ден.**
**4 категорија - од 15.000 ден. до 30.000 ден.**
**5 категорија - од 30.000 ден. до 50.000 ден.**

**Член 7**

Потребни документи:

**I <u>Лица со ризици по здравјето со социјален статус</u>**

**1 подгрупа – Лица со трајна болест со социјален статус** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- медицинска документација (извештаи од специјалисти, докази за тековни трошоци не постари од 12 месеци), медицинска документација за прогресивен тек или оперативен зафат.
- копија од трансакциска сметка,
- потврда од АВРМ или ЦСР

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
1 категорија – до 5. 000 денари
3 категорија – од 10.000 до 15.000 денари
5 категорија – од 30.000 до 50.000 денари (прогресивен тек или оперативен зафат)

**2 подгрупа – Лица со варијабилни болести со социјален статус** (лица со трошоци од оперативен зафат или пред оперативен зафат) да ги достават следниве документи :

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- медицинска документација не постара од 12 месеци (извештаи од специјалисти, отпусно писмо – од извршен оперативен зафат или користење на болнички услуги),
- потврда или доказ дека е закажан оперативен зафат,
- копија од трансакциска сметка,
- потврда од АВРМ или ЦСР

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:

**1 категорија – до 5. 000 денари**
**2 категорија – од 5.000 до 10 000 денари (анализи и терапија)**
**3 категорија од 10.000 до 15.000 денари (лекување со оперативен зафат во државата)**
**4 категорија од 15.000 до 30.000 денари (лекување надвор од државата)**
**5 категорија од 30.000 до 50.000 денари (лекување со оперативен зафат надвор од државата)**

**II <u>Лица од социјален ризик</u>**

**1 подгрупа – Лица кои користат социјална заштита** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- потврда или решение дека се корисници на СПП од Центар за социјална работа и потврда од Агенција за вработување
- копија од трансакциска сметка

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
**1 категорија до 5.000 денари**
**2 категорија од 5.000 до 10 000 денари**

**2 подгрупа – Лица со попречености** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- наод и мислење од стручна комисија, потврда од ЦСР
- копија од трансакциска сметка

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
**1категорија до 5.000 денари**
**2категорија од 5.000 до 10.000 денари (лица со полесен хендикеп)**
**3категорија од 10.000 до 15.000 денари (лица со потежок хендикеп и најтежок хендикеп) и деца со попреченост корисници на додаток од ЦСР**

**3 подгрупа – Многудетни семејства кои што имаат минимални парични примања или се без никакви приходи** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- извод од матичната книга на родените за сите деца,
- копија од трансакциска сметка
- потврда за приходи од УЈП, потврда од Агенција за вработување

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
**1 категорија до 5.000 денари**
**2 категорија – од 5.000 до 10.000 денари (3 деца со примања до 3000 денари)**
**3 категорија – од 10.000 до 15.000 денари (три и повеќе деца, без примања на име плати)**

**4 подгрупа – Невработени самохрани родители** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- потврда дека се самохрани родители,
- потврда од Агенција за вработување,
- копија од трансакциска сметка

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
**1 категорија до 5.000 денари**
**2 категорија – од 5.000 до 10. 000 денари (1 дете, невработен родител )**
**3 категорија од 10. 000 до 15. 000 денари (две и повеќе деца, невработен родител)**

**5 подгрупа – Деца без родители и родителска грижа (над 16 години)** да ги достават следниве документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- копија од трансакциска сметка
- потврда дека детето е без родители

На барателите од оваа подгрупа можат да му се доделуваат средства од:
**1 категорија до 5.000 денари**
**2 категорија од 5. 000 до 10. 000 денари**

**III <u>Физички лица кај кои се јавува потреба од средства заради итност и сериозност</u>**

Барателите од оваа група да ги достават следните документи:

- барање до Општина Битола (да содржи име и презиме, матичен број, место на живеење и причина за основ на барањето),
- копија од трансакциска сметка
- соодветна документација

**Член 8**

Комисијата за финансии и буџет ги разгледува пристигнатите барања и ги категоризира врз основа на доставената документација. При одлучувањето во рамките на предвидениот буџет приоритет имаат лицата кои воопшто немаат добиено средства од општината. Ист барател неможе да има 2 барања.

Комисијата му предлага на Градоначалникот да ги реализира средствата за еднократна финансиска помош на физичките лица.

**Член 9**

Комисијата има право да го одбие доставеното барање доколку тоа не е поткрепено со соодветна документација или не е доставена дополнително документацијата која била побарана од барателот.

**Член 10**

Доделените средства се пренесуваат на сметка на корисникот во согласност со финансиската можност на Општината за таа година .

**Член 11**

Одлуката влегува во сила на 01.01.2023 година.

Бр.09-140/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.08.2022 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка за РК Еурофарм Пелистер и РК Еурофарм Пелистер 2 за 2021 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Завршната сметка за РК Еурофарм Пелистер и РК Еурофарм Пелистер 2 за 2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 15.08.2022 година.

Бр. 08-900/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.08.2022 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на основа на член 70 од Статутот на Општината Битола ( „Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.08.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршната сметка за РК Еурофарм Пелистер и РК Еурофарм Пелистер 2 за 2021 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Завршната сметка за РК Еурофарм Пелистер и РК Еурофарм Пелистер 2 за 2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-140/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.08.2022 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување на Завршната сметка за ФК Пелистер АД Битола за 2021 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување на Завршната сметка за ФК Пелистер АД Битола за 2021 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 15.08.2022 година.

Бр. 08-900/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.08.2022 год. на Општината Битола,
Битола Тони Коњановски

Врз основа на основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 15.08.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Завршната сметка за ФК Пелистер АД Битола за 2021 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Завршната сметка за ФК Пелистер АД Битола за 2021 година.
2. Заклучокот влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-140/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.08.2022 г. на Советот на Општината
Битола Габриела Илиевска

БАРАЊЕ ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

# КАТЕГОРИЈА I – ФИЗИЧКИ ЛИЦА СО РИЗИЦИ ПО ЗДРАВЈЕТО СО СОЦИЈАЛЕН СТАТУС

- **лица со трајна болест со социјален статус**
- **лица со варијабилни болести со социјален статус** ( лица со трошоци од оперативен зафат или пред оперативен зафат)

## 1. Општи податоци за барателот

1.1 Име и презиме

____________________________________________________________

( целосно име и презиме)

1.2 Адреса

Ул. ________________________________________ бр.__________

Општина_________________________________, П. Број _________

Тел ____________________________

1.3 Општи податоци:

1.3.1 Единствен матичен број ЕМБГ ____________________________

1.3.2 Трансакциска сметка ____________________________________

1.3.3 Банка ____________________________________________________

1.4 Лице за контакт

___________________________________ ______________________

Име и Презиме Телефонски број

## 2. Прилог документација

- Медицинска документација извештаи од специјалисти не постари од 12 месеци, документација за оперативен зафат или доказ дека е закажан оперативен зафат, отпусно писмо или користење на болнички услуги
- Копија од трансакциска сметка
- Потврда од Агенција за вработување ( лицето е невработено) или Потврда од Центар за социјална работа ( лицето е корисник на социјална помош)

3. Образложение на барањето

БАРАЊЕ ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД БУЏЕТОТ НА

ОПШТИНА БИТОЛА

# КАТЕГОРИЈА II– ФИЗИЧКИ ЛИЦА СО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

**- лица кои користат социјална заштита**

**- лица со попречености**

**- многудетни семејства со минимални примања или без приходи**

**- невработени самохрани родители**

**- деца без родители и родителска грижа над 16 години )**

## 1. Општи податоци за барателот

1.1 Име и презиме

______________________________________________________________

( целосно име и презиме)

1.2 Адреса

Ул. ________________________________________ бр.__________

Општина________________________________, П. Број _________

Тел _____________________________

1.3 Општи податоци:

1.3.1 Единствен матичен број ЕМБГ _____________________________

1.3.2 Трансакциска сметка _____________________________________

1.3.3 Банка ___________________________________________________

1.4 Лице за контакт

__________________________________ ______________________

Име и Презиме Телефонски број

## 2. Прилог документација согласно подгрупата

1. Лица кои користат социјална заштита
- Потврда или Решение дека се корисници на СПП од Центар за социјална работа и потврда од Агенција за вработување
- Копија од трансакциска сметка

2. Лица со попреченост
- Наод и мислење од стручна комисија, потврда од ЦСР
- Копија од трансакциска сметка

3. Многудетни семејства кои имаат минимални приходи или се без приходи
- Извод од матична книга на родени за сите деца
- Копија од трансакциска сметка
- Потврда за приходи од УЈП или Потврда од Агенција за вработување

4. Невработени самохрани родители
- Потврда дека се самохрани родители
- Потврда од Агенција за вработување
- Копија од трансакциска сметка

5. Деца без родители и родителска грижа над 16 години
- Потврда дека е дете без родители
- Копија од трансакциска сметка

3. Образложение кон барањето

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

БАРАЊЕ ЗА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА

# КАТЕГОРИЈА III – ФИЗИЧКИ ЛИЦА кај кои се јавува потреба од средства заради итност и сериозност

## 1. Општи податоци за барателот

1.1 Име и презиме

______________________________________________

( целосно име и презиме)

1.2 Адреса

Ул. ______________________________ бр.__________

Општина_________________________, П. Број _________

Тел _____________________

1.3 Општи податоци:

1.3.1 Единствен матичен број ЕМБГ ______________________

1.3.2 Трансакциска сметка ___________________________

1.3.3 Банка ______________________________________

1.4 Лице за контакт

_________________________ ________________

Име и Презиме Телефонски број

## 2. Прилог документација

- Копија од трансакциска сметка
- Соодветна документација за доказ на потребата од средства заради итноста и сериозноста

## 3. Образложение кон Барањето

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

___________________________________________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 22.01.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 4/5 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-4/2 од 15.01.2026, Ве информираме дека вкупниот годишен износ на доделена социјална помош по години изнесува:

- 2024 година исплатени се 5.291.006,00 денари
- 2025 година исплатени се 4.991.180,00 денари

Битола,
22.01.2026г.

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи

Одделение за административни и општи работи

Бр.11-4/6
23.01.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **15.01.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-4** од **15.01.2025 година**, каде бара информации за доделување социјална парична помош .

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-4 на ден 15.01.2026 година. Во барањето наведе дека бара информација каде бара информации за доделување социјални парична помош.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-4/1 од 15.01.2026 год.
2.Допис до сектор за финансиски прашања со бр. 11-4/2 од 17.01.2026 год.
3 Допис до одделение за правно нормативни работи со бр.11-4/3 од 15.01.2026 год.
4.Одговор од оделение за правно нормативни работи со бр.11-4/4 од 15.01.2026 год.
5.Одговор од сектор за финасиски прашања со бр.11-4/5 од 22.01.2026 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 23.01.2026 година, под бр. 11-4/6.

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
-----------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА